ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-404/8**

**Дата: 20.05.2011**

**ДО**
**ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА**
**УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ИНФЕКТИВНИ БОЛЕСТИ И ФЕБРИЛНИ СОСТОЈБИ СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби Скопје (во натамошниот текст Универзитетска клиника) за 2009 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Изразено е негативно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и негативно мислење во однос на усогласеноста со законските прописи во финансиските трансакции за 2009 година.

Со ревизија на приемот, издавањето, потрошокот и евидентирањето на: лекови и медицински материјали од магацинот до организационите единици; лабораториски тестови и реагенси од болничката лабораторија до отсеците, констатиравме дека испорачаните количини сметководствено се евидентирани врз основа на месечни/периодични извештаи за вкупно издадените лекови, медицински материјали, лабораториски тестови и реагенси и вкупно потрошени количини искажани во пресметки за извршени здравствени услуги без разграничување по организациони единици, поради што нема податоци за состојбата на залихата по организациони единици (одделенија/отсеци).

Ревизијата препорачува да се преземат мерки за воспоставување на целосна материјална и сметководствена евиденција на лековите, медицинските материјали, лабораториски тестови и реагенси со соодветно задолжување и раздолжување по организациони единици (одделенија/отсеци) и да се врши попис на целокупните залихи, со усогласување на фактичката со сметководствената евиденција.

Со ревизија на начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки, констатирано е дека не е обезбедено реално планирање и носење на одлуки за спроведување на постапките за јавна набавка согласно обезбедените средства, што има за ефект да се склучат договори за јавна набавка поголеми во однос на планираниот износ и да се создадат обврски без обезбедени средства. Исто така не се определени лица или организациски облик за следење на реализацијата на договорите за јавни набавки по количини и цени.
Ревизијата препорачува одлуките за спроведување на постапка за јавна набавка како и случување на договори за јавна набавка да бидат усогласени со планот за јавни набавки и во рамките на обезбедени средства и да се определат одговорни лица за следење на реализацијата на договорите.

Информациониот систем/софтвер за амбулантско и болничко работење и софтвер за финансиска, магацинска и материјална евиденција, не е целосно интегриран и има влијание на точноста и споредливоста на податоците искажани во евиденциите, како и усогласеност на називите, мерните единици и цените, без можност за утврдување на реалниот потрошок.
Ревизијата препорачува Универзитетската клиника да обезбеди целосно имплементирање и интегрирање на информациониот систем, поврзување на материјалната евиденција со софтверот за амбулантско и болничко работење, заради обезбедување точни и целосни податоци.

**Вовед**

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани на страна 26-28 заедно со ревизија на усогласеност на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби Скопје, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капитални средства за 2009 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата од точка 1.1. на овој Извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Универзитетска клиника за годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија .

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на директорот на ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби Скопје, застапувана од:

- Д-р Звонко Миленковиќ, в.д. Директор на Универзитетската клиника од 08.07.2008 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Универзитетската клиника се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази кои што ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни

прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.
При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

2.4. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 15.12.2010 до 03.02.2010 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години

За годините кои и претходат на годината, што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот, предмет на ревизија на ден 21.02.2011 година.
Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор бр.09-404/1 од 23.03.2011 година.

## 4.1. Интерни контроли

**Процес на набавки и плаќање**

4.1.1. При оценка на системот на интерни контроли во процесот на набавки и плаќање, во делот на прием и евиденција на документите, ревизијата го констатира следното:

- не се воспоставени пишани процедури за движењето на целокупната документација и одобрување на истата од страна на одговорните лица на Универзитетската клиника. Распоредување на актите по организациони единици не се врши врз основа на План на архивски знаци, што не е во согласност со член 7 од Уредбата за канцелариско и архивско работење;
- не се дефинирани надлежности и одговорности за контрола и ракување со деловодникот и документацијата која се однесува на постапките за јавна набавка, при што се заведува само дел од документацијата (одлуката за јавна набавка и договори), а останатата документација која е составен дел на досието за јавна набавка е со деловоден печат и број, а не е заведена во деловодник.

Непостоењето на пишани процедури за движење на документација, создава ризик, трансакциите евидентирани во трговските книги на Универзитетската клиника да не се точни и навремени, а не дефинираните надлежности и одговорности за контрола и ракување со деловодникот и документацијата од постапките за јавни набавки ризик од некомплетност на истата.

Ревизијата не дава препорака, поради тоа што по презентирање на констатациите од извршената ревизија, од страна на Универзитетската клиника изготвен е План на архивски знаци и Листа на архивска граѓа за 2011 година и донесена е Одлука на Управен одбор бр.0201-468 од 28.02.2011 година за усвојување на истите, со што е извршена поделба на надлежности и одговорности на лицата задолжени за контрола и ракување со деловодникот и документацијата кај постапките за јавна набавка.

**Препорака:**

Раководниот орган на Универзитетската клиника, Планот на архивски знаци и Листата на архивска граѓа за 2011 година да ги доставаат до Архивот на Македонија заради добивање согласност на истите, согласно член 29 од Уредбата за канцелариско и архивско работење.

**Процес на управување и евидентирање на залихи**

4.1.2. При оценка на системот на интерни контроли во процесот на управување и евидентирање на залихите, ревизијата ги констатира следните состојби:

- Универзитетската клиника нема пишани процедури за прием, издавање, потрошок и евидентирање на залихите на лековите и медицински материјали во рамките на магацинот, залихите на лабораториски тестови и реагенси во рамките на болничката лабораторија и залихите во секоја организациона единица (одделенија/отсеци), што не е во согласност со член 7 од Законот за јавната внатрешна финансиска контрола,
- при издавање на лабораториски тестови и реагенси од болничката лабораторија до организационите единици (отсеци) воспоставена е пракса согласно која за издадените количини не се изготвува документ за издавање со кој ќе се потврди приемот/издавање на истите и
- не се воспоставени контроли за приемот и потрошокот на лековите, медицинските материјали, лабораториски тестови и реагенси по организационите единици (одделенија/отсеци).

Ваквата состојба создава ризик искажаните податоци да не ја отсликуваат реалната состојба на залихите и нивниот потрошок по организациони единици (одделенија/отсеци) на Универзитетската клиника.

По презентирање на констатациите од извршената ревизија, од страна на Управниот одбор донесена е одлука за формирање на работна група за изготвување на процедури за работа на Универзитетската клиника бр.0201-469 од 28.02.2011 година. Со одлуката се формира работна група за изготвување на процедури за работа во работните единици лабораторија, аптека и магацин со рок за изготвување од месец дена.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со Универзитетската клиника по донесувањето на интерните акти да преземат мерки за имплементирање на процедури кои ќе овозможат целосност на податоците поврзани со издавањето, потрошокот и евидентирањето на залихата на лековите и медицински потрошен материјал во магацинот, залихата на лабораториски тестови и реагенси во рамките на болничката лабораторија, како и залихите во секоја организациона единица (одделенија/отсеци).

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Во 2009 година функцијата директор на Универзитетската клиника ја врши едно лице, вршител на должноста (в.д.) директор од областа на медицината. По истекот на законски предвидениот рок за именување од шест месеци, не е именуван директор, што не е во согласност со член 137-г од Законот за здравствената заштита. Ваквиот начин на раководење не овозможува подеднаква одговорност на две лица во работењето и во преземањето на обврските во правниот промет.

Ревизијата не дава препорака, поради тоа што во текот на 2010 година од страна на Министерството за здравство именуван е директор кој се состои од две лица, како работоводен орган на Универзитетската клиника.

4.2.2. Универзитетската клиника за внатрешната организација и систематизација на работите и работните места нема донесено Акт за организациона поставеност, а Актот за систематизација не содржи целосен опис и попис на работните места, односно се користи опис и попис од Универзитетски клинички центар, кој е делумно ажуриран, што не е во согласност со член 37 од Одлука за поделба на ЈЗУ Универзитетски клинички центар Скопје број 19-3434/1 од 08.07.2008 година. Некомплетноста на наведениот акт, придонесува за непостоење целосна поделба на надлежностите и одговорностите во рамките на организационата поставеност.
Со донесувањето на Законот за јавните службеници, вработените кои вршат работи од јавен интерес во дејноста на здравството се јавни службеници, а актите за организација и систематизација на работните места треба да се усогласат со законот и подзаконските акти.

**Препорака:**
Работоводниот орган на Универзитетската клиника, актите за организација и систематизација на работните места да ги усогласи со Законот за јавните службеници и подзаконските акти во предвидениот законски рок до 24.04.2011 година.

4.2.3. Универзитетската клиника нема основано Единица за внатрешна ревизија, што не е во согласност со член 29 и член 30 од Закон за јавна внатрешна финансиска контрола. Поради невоспоставена внатрешна ревизија, раководството на Универзитетската клиника

нема информации за постоење и функционирање на интерните контроли, информации за веродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните активности при работењето и усогласеноста со законите и подзаконските акти.

**Препорака:**
Работоводниот орган на Универзитетската клиника, во актите за систематизација на работните места да предвиди и да основа Единица за внатрешна ревизија.

4.2.4. Работоводниот орган на Универзитетската клиника за 2009 година нема склучено договори за вработување на неопределено работно време со вработените, освен за лицата кои засновале нов работен однос, што не е во согласност со член 1 и член 13 од Законот за работни односи и член 21 од Колективниот договор за ЈЗУ. Ваквата состојба се должи на настанатите измени во законската регулатива и воведување на концептот бруто плата при што исплатата на плата се врши врз основа на Решенија за распоредување и плата на вработените во кои не е утврдена основната бруто плата, правата, обврските и одговорностите за секој вработен.

Ревизијата не дава препорака, поради тоа што од страна на Работоводниот орган на Универзитетската клиника преземени се мерки и склучени се договори за вработување со вработените, согласно постојната законска регулатива и актот за систематизација на работните места.

4.2.5. Склучена е Спогодба за уредување на меѓусебните односи во вршењето на високообразовната, научноистражувачката и здравствената дејност и за уредување на работниот однос на наставниците и соработниците помеѓу Медицинскиот факултет Скопје и Универзитетската клиника, согласно која наставниците и соработниците правата и обврските од работен однос треба да ги остваруваат во двете установи, правото на плата и надоместоци на плата да го остваруваат сразмерно на работното време поминато во двете установи, а пресметката и исплатата треба да ја вршат двете установи.
Во текот на 2009 година, наставниците и соработниците, правата за плата и други права по основ на плата ги остваруваат согласно склучениот договор за работа со Универзитетската клиника и немаат засновано работен однос, односно немаат склучено

договор за вработување со Медицинскиот факултет, што не е во согласност со член 14 од наведената спогодба и член 28 од Законот за работните односи, согласно кој договорот за вработување треба да содржи одредби за висината на плата, сразмерно на одредбата дали се работи за работен однос со полно или пократко работно време.

За вршење на образовната и научноистражувачка дејност на Универзитетската клиника, трансферирани се средства од страна на Медицинскиот факултет во износ од 1.048 илјади денари и истите се исплатени на наставниците и соработниците, како додаток на плата.

Поради не извршено разграничување на времето поминато на работа на Универзитетската клиника и на Медицинскиот факултет, како основа за исплата на плата и придонеси, на оваа категорија вработени, Универзитетската клиника исплатила плата за полно работно време и во исто време и надоместок на плата за часови на работа поминати на Медицинскиот факултет.

Во врска со утврдување на работното време на наставниците и соработниците вработени во Универзитетската клиника, а избрани во наставно научни, научни и соработнички звања на Универзитетот Св. Кирил и Методиј – Медицински факултет Скопје од страна на в.д. директорот донесена е Одлука бр. 0201-346/2 од 27.04.2010 година, со која е извршено разграничување на полното работно време на избраните лица во звања, кое го остваруваат во двете установи.

**Препорака:**

Универзитетската клиника и Медицинскиот факултет, да ги продолжат отпочнатите активности за склучување на поединечни договори за вработување на наставниците и соработниците со двете установи сразмерно на времето поминато за вршење на соодветната дејност.

4.2.6. Во 2009 година Универзитетската клиника исплатила надоместоци на членовите на комисиите за јавни набавки и на комисијата за интерхоспитални инфекции и платила персонален данок во вкупен износ од 300 илјади денари, што не е во согласност со член 37-в од Законот за буџети и истите претставуваат незаконска и ненаменска исплата на средства.

**Препорака:**

Работоводниот орган на Универзитетската клиника да преземе мерки исплатата на надоместоците да се врши доколку постои законски основ.

## 4.3. Финансиски извештаи

**Биланс на приходи и расходи**

4.3.1. За давањето и користењето на здравствените услуги од страна на другите јавни здравствени установи, Универзитетската клиника за 2009 година нема склучени договори за регулирање на меѓусебните права и обврски за користење услуги со 18 ЈЗУ и за давање услуги со 11 ЈЗУ, што не е во согласност со член 13 од Договор за извршување и плаќање на здравствени услуги во болничка здравствена заштита со ФЗОМ. Поради не извршено уредување на видот, обемот, условите и начинот на давање на услугите како и условите и начинот на користење и плаќање на истите, ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на искажаните расходи во износ од 8.568 илјади денари и остварените приходи во износ од 174 илјади денари по овој основ.

Во 2010 година Универзитетската клиника доставила договори за регулирање на меѓусебните права и обврски како давател на услуги до сите ЈЗУ, но истите не се во целост вратени, а како корисник на услуги склучила договор со уште 2 (две) ЈЗУ.

**Препорака:**
Работоводниот орган на Универзитетската клиника за користењето на здравствените услуги со другите јавни здравствени установи да ги продолжи отпочнатите активности за склучување договори за регулирање на меѓусебните права и обврски.

4.3.2. Во текот на 2009 година Универзитетската клиника не извршила во целост фактурирање на извршените здравствени услуги за акутна нега на хоспитализирани болни, поради некомплетно прибавена документација од корисниците на здравствени услуги. На ревизијата и беше презентирана медицинска документација за извршени здравствени услуги на кои не се фактурирани, врз основа на што е констатирано следното:

- За дел од извршените здравствени услуги на здравствено неосигурени лица, за кои не е обезбедена потребната документација (потврда за статус на неосигурено лице), не е извршено фактурирање до Министерството за здравство согласно донесените програми за здравствена заштита;
- За дел од извршените здравствени услуги на здравствено осигурени лица, за кои не е обезбедена потребната

документација (болнички упат, потврда за платен придонес), а има извршено кодирање на дијагнози по ДСГ метода, ревизијата согласно референтните цени утврди нефактуриран износ од 908 илјади денари, што не е во согласност со член 13 од Договорот со ФЗОМ.

Причина за ваквата состојба е прием и пружање на здравствени услуги на корисници кои во моментот на вршењето на здравствените услуги не доставиле дел од потребната документација или поради итност или поради непоседување на истата .

**Препорака:**
Работоводниот орган на Универзитетската клиника да преземе мерки да се воспостави евиденција, комплетрирање на документацијата за извршените здравствени услуги и фактурирање до ФЗОМ, согласно Договорот за извршување и плаќање на здравствени услуги во болничка здравствена заштита.

4.3.3. Со ревизија на евидентираните фактури и пресметки за извршени здравствени услуги во софтверот за амбулантско работење и стационар - дневна болница за 2009 година, констатирано е дека фактурирањето не се врши според референтни цени утврдени со одлуки на ФЗОМ, што не е во согласност со член 7 од склучениот Договор за извршување и плаќање на здравствени услуги во болничка здравствена заштита со ФЗОМ за 2009 година и тоа:

- За извршените здравствени услуги за лабораториски испитувања во амбуланта за период од 01 до 09 месец и дневна болница за период од 01 до 12 месец, Универзитетската клиника фактурирала по цени според Ценовник за здравствени услуги на РМ од 1992 година без да се примени Одлуката за утврдување на референтни цени на сервисни услуги кои се користат во болничка здравствена заштита. Со споредбена анализа на фактурирани здравствени услуги за лабораториски испитувања за амбуланта опфатени се 97% од вкупно фактурираниот износ, при што ревизијата утврди поголем фактуриран износ од 4.091 илјади денари.

  Фактурирањето за извршени услуги за лабораториски испитувања за амбуланта од октомври 2009 година се врши согласно Одлуката за утврдување на референтни цени на сервисни услуги кои се користат во болничка здравствена заштита.

- За потрошените лекови и медицински материјали искажани во фактурите и пресметките за извршени здравствени услуги во софтверот за амбулантско работење и стационар - дневна болница, констатирано е дека не е вршено усогласување/ ажурирање на цените за материјален трошок, согласно референтните цени на лекови утврдени со Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ и согласно набавните цени за медицински материјали. Со споредбена анализа на 379 парчиња од лекот Pegasis amp 0.180MG искажан како материјален трошок во фактурите за извршени здравствени услуги во дневна болница, ревизија утврди повеќе фактуриран износ од 682 илјада денари како отстапување во однос на референтните цени.

Ревизијата не дава препорака за начинот на фактурирање за извршени услуги за лабораториски испитувања за дневна болница поради тоа што од јануари 2011 година фактурирањето се врши согласно Одлука за утврдување на референтни цени во специјалистичко – консултативна здравствена заштита. Исто така со донесување на Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко – консултативна здравствена заштита – амбулантски (Сл.весник 44/2010, 48/2010 и 92/2010) фактурирањето за извршени здравствени услуги во амбуланта во 2010 година се врши согласно одлуката.

**Биланс на состојба**

4.3.4. Со ревизија на залихите на лекови и медицински материјали и залихите на лабораториски тестови и реагенси и извршениот попис на средствата и изворите на средствата за 2009 година, ревизијата констатира состојби кои не се во согласност со член 6 и член 21 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, член 11 и член 29 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и тоа:

- испорачаните количини на: лекови и медицински материјали од магацинот, лабораториски тестови и реагенси од болничка лабораторија, сметководствено се евидентирани врз основа на месечни/периодични извештаи без разграничување по организациони единици (одделенија/отсеци), а како потрошени се евидентирани врз основа на стационарните и

амбулантските пресметки за извршени здравствени услуги, вкупно за сите организациони единици (одделенија/отсеци);

- не е воспоставена материјална евиденција и не е извршен попис на лекови, медицински материјал и лабораториски тестови и реагенси по организациони единици, со што е оневозможено следење и усогласување со материјалниот трошок искажан во пресметките за извршени здравствени услуги и утврдување на одговорност во случај на отстапување;
- не е извршен попис на залихата на основните средства, канцелариски материјал, ситен инвентар, лекови и медицински потрошен материјал добиени како донација за кои нема утврдена вредност и истите не се сметководствено евидентирани и искажани во финансиските извештаи на Универзитетската клиника;
- воспоставена е материјалната евиденција на лекот Tamiflu без вредносни показатели, не е вршен попис и не е утврден рок на употреба на истиот заклучно со 2009 година и не е искажан како залиха во финансиските извештаи. Лекот Tamiflu добиен од РЗЗЗ и ЦЈЗ во периодот од 2006 до 2008 година и од Министерство за здравство и други институции во текот на 2009 година се дистрибуира од страна на Универзитетската клиника, според потребите до сите здравствени установи и Центри за јавно здравје во Република Македонија, без писмен доказ за делегирани надлежности од страна на Министерство за здравство.

  Во текот на вршење на ревизијата извршен е попис на лекот Tamiflu со утврдени рокови на употреба и усогласување на состојбата по попис на ден 31.12.2010 година со евидентираните количини во материјалната евиденција;
- од страна на комисијата за попис не е изготвен рекапитулар за извршено усогласување на состојбата на залихата на лекови, медицински материјали и лабораториски тестови и реагенси од материјалната и финансиската евиденција со фактичката состојба утврдена со попис и во Извештај од извршениот попис на средствата и нивните извори од страна на пописната комисија не се утврдени разлики од попис и
- не е извршен попис на побарувањата и обврските и усогласување со комитентите. По извршеното независно усогласување со комитентите на Универзитетската клиника од страна на ревизијата, од вкупно испратените конфирмации за побарувањата не се вратени 96% или не е потврден износ од

338 илјади денари и за обврските не се вратени 72% или не е потврден износ од 26.576 илјади денари, заради што ревизијата не доби уверување за реалното искажување на побарувањата и обврските во финансиските извештаи за 2009 година.

Поради нецелосна евиденција и вршење на нецелосен попис, ревизијата не се увери во реалноста на искажаните залихи во финансиските извештаи на ден 31.12.2009 година и тоа залиха на лекови и медицински материјали во износ од 4.462 илјади денари и залиха на лабораториски тестови и реагенси во износ од 3.308 илјади денари и во износот на постојаните средства и нивните извори.

**Препорака:**
Работоводниот орган на Универзитетската клиника да преземе мерки:
- да се воспостави целосна материјална и финансиска евиденција на залихите со соодветно задолжување и раздолжување по организациони единици (одделенија/отсеци),
- да се врши попис на целокупните залихи, со усогласување на фактичката со сметководствената евиденција, како и попис на побарувањата и обврските по претходно усогласување со комитентите и
- средствата добиени како донација, да се евидентираат согласно договорите за донација со утврдена вредност и да се дел од пописот на крајот на годината.

4.3.5. Универзитетската клиника не извршила целосно фактурирање на пресметаната партиципација за осигурени лица корисници на здравствени услуги кои се ослободени од плаќање за одделни заболувања, што не е во согласност со Програмата за здравствена заштита на одредени групи на население и одделни заболувања на граѓани кои не се здравствено осигурени за 2009 година во РМ. Со програмата предвидено е средствата за партиципација да ги обезбедува Министерството за здравство и почнувајќи од април 2009 година да ги дозначува до ЈЗУ, согласно законските прописи за ослободување од партиципација на корисниците на здравствени услуги, а врз основа на доставена фактичка документација, за основите наведени во програмата.

Поради не воспоставена евиденција на пресметана и ненаплатена партиципација за период до јуни 2009 година за болничка здравствена заштита и за цела 2009 година за специјалистичко - консултативна здравствена заштита, Универзитетската клиника

нема доставено фактури до Министерството за здравство за наплата по тој основ. Универзитетската клиника за последното тромесечие пресметала партиципација за осигурени лица корисници на здравствени услуги во болничка здравствена заштита ослободени од плаќање во износ од 729 илјади денари, а не доставила фактури до Министерството за здравство за наплата и не искажала побарување во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Раководителот на секторот за економско книговодствени работи да воспостави сметководствена евиденција и врши фактурирање до Министерство за здравство на пресметаната партиципација согласно донесените програми за здравствена заштита и предвидените обрасци за таа намена.

4.3.6. Не е воспоставена евиденција на побарувања од корисници на здравствени услуги по основ на пресметана партиципација, поради евидентирање на износот на уплатената партиципација во износ од 6.393 илјади денари, што не е во согласност со член 18 од Договорот за извршување и плаќање на здравствени услуги во болничка здравствена заштита, склучен со ФЗОМ за 2009 година. Универзитетската клиника води рачна евиденција на вкупно пресметаната партиципација за 2009 година која изнесува 7.135 илјади денари. Невоспоставената евиденција на пресметаната, а ненаплатена партиципација, придонесува побарувањата во финансиските извештаи по овој основ да се нереално и необјективно прикажани во износ од 742 илјади денари, за кој износ постои неизвесност за наплата како приход на Универзитетската клиника.

**Препорака:**
Раководителот на секторот за економско книговодствени работи да воспостави сметководствена евиденција на пресметана и наплатена партиципација од корисници на здравствени услуги за секоја организациона единица поодделно.

**Информационен систем**

4.3.7. Универзитетската клиника во текот на 2009 година користи посебен апликативен софтвер за материјална и финансиска евиденција кој го одржува еден надворешен субјект со кој е склучен договор за одржување. Софтверот за фактурирање кај

амбулантско работење заклучно со 31.12.2009 и болничко работење заклучно со 30.04.2009 година е креиран и одржуван од страна на лице вработено на Универзитетската клиника кое во исто време е задолжено за амбуланското фактурирање. Ваквиот начин на обезбедување, обработка и чување на податоци во софтверот не овозможува поделба на должностите и одговорностите и контрола на работењето. Софтверот за болничко работење од 01.05.2009 година е преземен од страна на надворешен субјект со кој е склучен договор за одржување. Софтверот за материјална евиденција не предвидува мрежна поврзаност на магацинот за лекови и медицински материјали со одделенијата и на болничката лабораторија со отсеците и не е предвидена поврзаност со софтверот за фактурирање за искажаниот потрошок во пресметките за извршени здравствени услуги кај амбулантско и болничко работење.

Непостоење на интегриран информационен систем за целокупната евиденција, има влијание на точноста и споредливоста на податоците искажани во евиденциите, како и на усогласеноста на називите, мерните единици и цените со утврдените во договорите за јавна набавка.

**Препорака:**

Работоводниот орган на Универзитетската клиника да обезбеди целосно интегрирање на информациониот систем, кој ќе биде мрежно поврзан и тоа магацинот на лекови и медицински материјали со одделенијата, болничката лабораторија со отсеците и поврзаност на одделенијата/отсеците со евиденциите за амбулантско и стационарно фактурирање.

## 4.4. Користење на средства согласно законски прописи

4.4.1. Универзитетската клиника во текот на 2009 година извршила исплата на средства на ЈУ од областа на здравството за потребите на ЈЗУ, УК, Завод и Ургентен центар Скопје (во натамошниот текст Јавна установа) во износ од 1.763 илјади денари, како месечен паушал, без доказ за извршена работа за машино-браварски услуги, одржување канализациона инсталација, столарски услуги, градежно занаетчиски услуги и обезбедување на просториите. Исплатата е вршена врз основа на Ценовник за услуги од ЈУ од областа на здравството, каде е утврдена месечна цена по м2, што не е во согласност со член 10 од Договорот,

склучен со Јавната установа, бр.0307-479/13 од 16.02.2009 година, во кој се предвидува плаќање на надоместок за извршени услуги и работи, а не плаќање на месечен паушал. Ваквиот начин на исплата придонесува да се врши исплата на средства за услуги и работи кои не се во согласност со одредбите од склучениот договор.

**Препорака:**
Исплатата за извршените услуги и работи да се врши врз основа на фактура, согласно реално извршените услуги и работи за потребите на Универзитетската клиника, како и да се склучи посебен договор за групна набавка, заради дефинирање на меѓусебните права и обврски.

4.4.2. Универзитетската клиника во 2009 година за комунални услуги (вода, ѓубретарина и медицински отпад) исплатила износ од 4.241 илјада денари на Јавната Установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени Установи универзитетски клиники врз основа на примени фактури без приложена документација за потврдување на фактурираниот износ, што не е во согласност со член 14 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Ваквиот начин на преземање на обврски влијае на исплата на средства без доказ за реално извршени услуги за потребите на Универзитетската клиника.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење со Универзитетската Клиника да преземат активности за контрола на фактурите за извршени услуги и евидентирање врз основа на уредни и веродостојни документи за реално извршените услуги.

4.4.3. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени во 2008 и 2009 година во вкупен износ од 103.350 илјади денари извршивме ревизија на 18 спроведени постапки. Опфативме 79% од вредноста на склучените договори односно износ од 85.725 илјади денари, при што констатиравме состојби кои упатуваат на недоследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки:

- Универзитетската клиника за 2008 и 2009 година изготвила план за јавни набавки во форма која не во согласност со Правилникот за формата и содржината на годишниот план за јавни набавки. За 2008 година донесена е Одлука за усвојување

на планот за јавни набавки бр.0201-326 од 08.04.2008 година кој не е обезбеден како посебен образец под образложение дека истиот е составен дел на Бизнис планот за период 2008-2011 година. Планот за јавни набавки за 2009 година, кој е усвоен од Управниот одбор, не содржи податоци за очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност за дел од постапките и видот на постапката за доделување на договор, што не е во согласност со член 26 од Законот за јавни набавки.

- Одлуките за спроведување на постапка за јавна набавка се носени од страна на в.д. директорот, што не е во согласност со член 16 од Статутот на Универзитетската клиника, во кој е определено одлуките за јавни набавки да ги носи Управниот одбор. Донесените одлуки за јавна набавка го надминуваат годишниот план за јавни набавки за кој нема измена или дополнување и по истите спроведени се постапки за јавна набавка и склучени договори за 28.681 илјади денари во поголем износ во однос на планираниот, што не е во согласност со член 26 од Законот за јавни набавки. Ваквиот начин на носење одлуки и склучување договори за јавна набавка, надвор од планот за јавни набавки, влијаело Универзитетската клиника да преземе обврски без обезбедени средства кои се искажани во финансиските извештаи за 2009 година.

- За набавка на потрошни медицински стоки за еднократна употреба спроведена е постапка за јавна набавка бр.8/2009 во вкупен износ 2.028 илјади денари која не е предвидена во планот за јавни набавки, а за набавка на лекови, медицински материјали, млечна исхрана кај доенчиња и мали деца и раствори за парентална исхрана, инфузиони раствори и лабораториски тестови (1/2009, 2/2009, 3/2009, 4/2009, 5/2009, 6/2009 и 12/2009) донесени се одлуки за јавна набавка во поголем износ за 11.123 илјади денари во однос на планот за јавни набавки, што не е во согласност со член 26 од Законот за јавни набавки. Врз основа на донесените одлуки и спроведените постапки за јавни набавки склучени се договори кои ја надминуваат предвидената вредност во планот за јавни набавки за износ од 5.711 илјади денари.

- Склучени се три анекси на договори за јавна набавка за набавка на лекови, поради дополнителна испораки од

првобитниот носител на набавката во износ од 1.584 илјади денари без да биде спроведена постапка со преговарање без објавување на оглас, што е спротивно на член 99 точка 2 од Законот за јавни набавки.

- Во постапката за јавна набавка на хематолошки анализатор бр.05/08 и гасен анализатор бр.06/08 склучени се договори на износ поголем за 165 илјади денари од износот наведен во Решението за доделување на договорот за јавна набавка, што не е во согласност со член 28 од Законот за јавни набавки. Исто така исплатен е аванс во износ од 1.394 илјади денари (750 илјади за хематолошки бројач и 644 илјади денари за апарат за лабараторија) кој претставува 100% од вредноста на склучениот договор, што не е во согласност со член 49 од Законот за јавни набавки, каде согласно со обврските од договорот за јавна набавка, може да предвиди авансно плаќање, а авансот не може да биде поголем од 20% од вредноста на договорот.

- Тендерската документација по постапка за јавна набавка бр. 01/08 година за набавка на лабораториски тестови и реагенси за хематолошки, имунолошки анализи и тестови за генотипизација, не е потпишана од страна на членовите на комисијата за јавни набавки, што не е во согласност со Правилникот за содржина на тендерската документација. Понудените цени во спецификацијата за финансиска понуда се со вклучен ДДВ, што не е во согласност со член 134 од Законот за јавни набавки. Извршена е измена на спецификацијата за финансиска понуда по истекот на законски предвидениот рок, односно после извршеното јавното отворање на доставените понуди, што не е во согласност со член 38 и 39 од Законот за јавни набавки.

- Во одлуките за отпочнување на постапка за јавна набавка не се наведува изворот на средства потребни за реализација на договорите и ангажираните надворешни стручни лица, што не е во согласност со член 28 од Законот за јавни набавки.

- Надворешните стручни лица ангажирани да и помагаат на комисијата за јавни набавки со цел да се олесни одлучувањето при евалуација на понудите, не подготвуваат извештај во врска со техничките, финансиските и другите работи како дел од

извештајот за спроведената постапка, што не е во согласност со член 30 од Законот за јавни набавки.

- Членовите на Комисијата за јавни набавки немаат потпишано Изјави за постоење или непостоење на судир на интереси кои се составен дел од документацијата за соодветната постапка за јавна набавка, што не е во согласност со член 173 од Законот за јавни набавки.

- Дел од известувањата за склучени договори по спроведена отворена постапка за јавна набавка не се доставени до Бирото за јавни набавки во законски утврдениот рок, 30 дена по склучување на договорот, што не е во согласност со член 55 од Законот за јавни набавки.

- Директорот на Универзитетската клиника нема определено лица или организациски облик за вршење на работи за реализацијата на договорите со следење на реализацијата на количините и цените, што не е во согласност со член 29 точка 2 од Законот за јавни набавки. Поради наведената состојба, ревизијата не може да се увери во доследноста на реализацијата на договорите по количини и цени.

- Универзитетската клиника склучила Анекс на Договорот за извршување на групна набавка бр.05-185/2 на 15.07.2009 година со ЈУ од областа на здравството за потребите на ЈЗУ, УК, Завод и Ургентен центар Скопје, без одлука на Управен одбор, што не е во согласност со член 5 став 3 од Договорот за уредување на меѓусебни односи, со кој се предвидува набавките на лекови и медицински материјали, лабораториски материјали, ситен инвентар и канцелариски материјали, да се вршат согласно член 2 став 2 од Одлуката за основање на ЈУ од областа на здравството за потребите на ЈЗУ, УК, Завод и Ургентен центар Скопје.

- Во период од 01.01 до 14.07.2009 година Универзитетската клиника извршила набавки на лекови и медицински материјали, лабораториски тестови и реагенси, ситен инвентар и канцелариски материјали во висина од 23.053 илјади денари, за кои не е обезбеден доказ дека е склучен договор за групна набавка со ЈУ од областа на здравството за потребите на ЈЗУ,

УК, Завод и Ургентен центар Скопје, што не е во согласност со член 5 од Договорот за уредување на меѓусебни односи и со член 24 од Законот за јавни набавки. Поради ваквата состојба Универзитетската клиника врши набавки без да ги дефинира сите права и обврски во однос на економскиот оператор со кој ЈУ од областа на здравството има склучено договор за јавна набавка и набавки по повисоки цени.

Недоследното применување на одредбите од Законот за јавните набавки во процесот на планирање, одлучување и доделување на договорите за јавна набавка, не обезбедува фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност во процесот на доделување на договори за јавни набавки и рационално и ефикасно искористување на средствата за јавна набавка.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење со Универзитетската клиника, планот и одлуките за јавни набавки да ги носат во согласност со Статутот на Универзитетската клиника и Законот за јавни набавки со континуирано преземање активности за надминување на утврдените состојби и обезбедување законско постапување при спроведување на постапките за јавни набавки и доделување на договори за јавни набавки.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупниот ефект од изнесените наоди во точката 4.3.1., 4.3.2., 4.3.3., 4.3.4., 4.3.5. и 4.3.6. е: несигурност во потврдувањето на расходите и приходите за начинот на давање и плаќање на здравствени услуги со други ЈЗУ, несигурност во потврдувањето на делот приходите за извршени здравствени услуги во Билансот на приходи и расходи во износ од 14.021 илјади денари и несигурност во потврдувањето на залихите и помалку искажан износ на побарувања во Билансот на состојба во износ од 9.240 илјади денари.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.3., финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавната здравствена установа Универзитетска за инфективни болести и фебрилни состојби Скопје, на ден 31.12.2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2, 4.3. и 4.4., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби Скопје, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системски слабости

6.1. Министерството за здравство на дел од јавните здравствени установи има издадено решенија за вршење на фармацевтска дејност - Болничка аптека. Со издадените решенијата им се дозволува да основаат аптека, како вид на здравствена установа, по исполнувањето на условите согласно Законот за лекови, и тоа во однос на простор, опрема и кадар, врз основа на кое им се одобрува упис во Централен регистар на РМ.

Согласно наведениот закон, според местото и начинот на издавање, лековите, покрај тоа што се класифицираат како лекови што се издаваат во аптека со и без рецепт, постојат и лекови кои се употребуваат само во здравствените установи, од што произлегува, неминовно потребата за постоење на болничка аптека во рамките на јавните здравствени установи, односно универзитетските клиники, клинички и општи болници и здравствени домови.

Ако се имаат во предвид следните аспекти:

- аптеките во Законот за здравствена заштита се предвидени како една од видовите на здравствените установи, самостојна установа, кои се основаат односно организираат за давање на здравствена услуга, (член 95 од Законот за здравствена заштита),

- аптеката врши фармацевтска здравствена дејност, а особено врши набавка, сместување, чување, издавање, испитување и контрола на лекови, санитетски материјални средства и лековити супстанци, изработува магистрални лекови и галенски препарати, дава упатства за употреба на издадените лекови, набавува и издава средства за детска и диетална исхрана, ортопедски помагала, прибори и медицински инструменти, (член 111 од Законот за здравствена заштита) и
- во аптеките се врши промет на мало со лекови (член 82 од Законот за лековите),

можеме да констатиравме дека наведените законски одредби се однесуваат за аптеките како самостојни здравствени установи, а не и за аптеките во состав на јавните здравствени установи, кои не вршат промет на мало туку истите се во функција на вршење на дејноста на јавната здравствена установата.

Согласно наведеното сметаме дека установите во соработка со надлежните органи, Министерството за здравство и Бирото за лекови потребно е да преземат иницијатива за дополнување на законските решенија, во кои прецизно ќе се наведе начинот на организирање на болничките аптеки, нивниот статус во рамките на установата, видот и обемот на активности кои ќе ги вршат, односно нивните надлежности и одговорности.

6.2. Владата на Република Македонија согласно Законот за здравствена заштита донесува и објавува Програми за здравствена заштита, со кои се утврдуваат мерки, задачи и активности, содржина, обем и рокови за нивно извршување како и финансиски средства за остварување на ниво на програма и тоа за осигурени и неосигурени лица. Програмите се реализираат во обем на средствата одобрени од Буџетот на Република Македонија за тековната година.

Распределба на средствата на јавните здравствени установи по Програми и надзор на спроведување на истите врши Министерство за здравство.

Финансиските средства за остварување на целите по програми, се одобрени во вкупен износ на ниво на сите јавни здравствени установи. Ваквата состојба овозможува преземените активности/извршување на здравствени услуги по програми во обем да ги надминат одобрените средства по Програма, што има за последица неможност за наплата во целост на побарувањата на јавните здравствени установи по наведените основи од Министерство за здравство. На ден 31.12.2009 година Универзитетската клиника има ненаплатени побарувања од

Министерство за здравство за извршени здравствени услуги по Програми за здравствена заштита во износ од 566 илјади денари.

Во текот на 2009 година Универзитетската клиника извршила здравствени услуги во болничка и специјалистичко консултативна здравствена заштита за пациенти сомнителни или позитивни на инфлуенца А H1N1, за кои поради недоставена комплетна документација од корисниците на здравствени услуги не е утврден статусот на осигурување. Универзитетската клиника не била во можност од корисниците на здравствени услуги да изврши наплата за извршените здравствени услуги, поради што се изготвени и доставени фактури до Министерството за здравство во износ од 1.054 илјади денари за стационарни болни и износ од 241 илјади денари за амбулантски случаи. Фактурите се вратени од Министерството за здравство без добиено образложение дека истите не се валидни и не можат да бидат предмет на исплата.

Со Програмата за здравствена заштита за одредени групи на население и одделни заболувања на граѓани кои не се здравствени осигурани за 2009 година во Република Македонија не се предвидени средства за здравствена заштита на лица кои заболеле од заразно заболување од типот грип (influenza) A H1N1. Ваквата состојба има за последица неможност за наплата на средствата кои како трошоци Универзитетската клиника ги направила за извршените здравствени услуги по овој основ.

## 7. Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет

7.1. Прифатени и коригирани неправилности од страна на Универзитетската клиника во текот на ревизијата:

- Извршени се корекции на одделни состојби на сметките од главната книга во 2010 година и изработен е налог за сторно, за намалување на вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за износ од 242 илјади денари, а со цел реално и објективно прикажување на билансните позиции.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1. | 5,936 | 5,568 |
| Трансфери и донации | 3.2. | 164,810 | 149,957 |
| **Вкупно приходи** | | **170,746** | **155,525** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | 3.3. | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.3.1. | 77,295 | 68,015 |
| Стоки и услуги | 3.3.2. | 72,243 | 69,444 |
| Тековни трансфери до вонбуџетските фондови | | - | 3,171 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **149,538** | **140,630** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.4. | 331 | 14,407 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **331** | **14,407** |
| **Вкупно расходи** | | **149,869** | **155,037** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **20,877** | **488** |

| БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| Опис на позицијата | Образло-жение | 2009 | 2008 |
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 20,878 | 488 |
| Побарувања | 4.1.2. | 2,986 | 385 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.3. | - | 1,552 |
| Побарувања од вработените | 4.1.4. | 6 | 6 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.5. | - | 39 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.6. | 41,036 | 16,252 |
| Залихи | 4.1.7. | 9,272 | 6,796 |
| **Вкупно тековни средства** | | **74,178** | **25,518** |
| **Постојани средства** | **4.2.** | | |
| Материјални средства | 4.2. | 109,177 | 111,440 |
| Материјални средства во подготовка | | - | 1,394 |
| **Вкупно постојани средства** | | **109,177** | **112,834** |
| **Вкупна актива** | | **183,355** | **138,352** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.3.** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 34,248 | 12,402 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 503 | 496 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.3. | - | 5 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 4.3.4. | 5 | 28 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.6. | 6,286 | 4,879 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.7. | 23,864 | 844 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **64,906** | **18,654** |
| **Извори на средства** | **4.4.** | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 118,449 | 119,698 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **118,449** | **119,698** |
| **Вкупна пасива** | | **183,355** | **138,352** |

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*